О б р а з л о ж е н и е
за буџетот за 2021 година

Изготвувањето на Буџетот на Општина Штип за 2021 година е во согласност со елементите од добиениот буџетски циркулар за 2021 година доставен од министерот за финансии согласно член 27 став 2 од Законот за финансирање на ЕЛС („Службен весник на РМ“ број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10,180/11 , 171/12 ,192/15 и 167/16).

При подготовка на Буџетот на Општина Штип за 2021 година се земаат во предвид стратешките приоритети на Владата и во следниот период ќе бидат насочени кон одржување на макроекономската стабилност и одржување на сатабилен и одржлив национален економски развој.

Според член 2 точка 8 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ број 64/05, 04/08, 103/08, 156/09 , 95/10,180/11 ,171/12 ,192/15 и 167/16), буџетот на единицата на локалната самоуправа претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности. Ова значи дека во состав на буџетот ќе влезат и сопствените приходи како и распоред на истите по расходи на буџетските корисници.

Буџетот на општината се состои од **општ**, **посебен и развоен дел**.

**Општ дел**:

- консолидиран биланс на приходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековни оперативни приходи и расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;

**Посебен дел**

- ги опфаќа расходите прикажани според класификацијата на расходите (донесена од министерот за финансии) групирани според корисници и програми;
- образложение на буџетот.

**Развоен дел**

- ги содржи плановите на програмите за развој прикажани по развојни проекти.

Општинскиот буџет е составен од **основен дел на буџетот**, потоа **дел на блок дотации**, кои се однесуваат на новите надлежности кои го добива општината со Закон за локална самоуправа па и **сопствените приходи** на овие буџетски корисници, **делот на донации** и **делот на кредити**.

Вкупниот буџет за 2021 година изнесува 958.615.000,00 денари или 4%е зголемен во однос на буџетот за 2020 година.

Основниот буџет изнесува 395.047.000,00 денари или е зголемен за 9%

Буџетот на блок дотациите изнесува 474.422.000,00 денари или е намален 5%.

Самофинансирачките активности 65.172.000,00 денари е зголемен за 1,5%.

Буџетот на донациите изнесува 23.974.000,00 денари и е зголемен за 9%.

Распоредот на посебниот дел на буџетот по програми и подпрограми како што следува:

| | 2020 година | 2021 година |
|---|---|---|
| А00 Совет на општина ------------------------------------------- | 9.669.000 денари | 12.019.000 денари |
| А10 Изборни активности_________________________ | 1.000.000 денари | 10.000.000 денари |
| Д00 Градоначалник ---------------------------------------------- | 5.880.000 денари | 6.070.000 денари |
| Д10 Месна самоуправа ----------------------------------------- | 1.390.000 денари | 1.390.000 денари |
| Е00 Општинска администрација -------------------------- | 105.925.000 денари | 108.335.000 денари |
| ЕА0 Капитални трошоци на општината | 2.550.000 денари | 3.550.000 денари |
| Ф10 Урбанистичко планирање ------------------------------- | 4.500.000 денари | 4.500.000 денари |
| ФА0 Уредување на град. земј. (капит. трошоци) -------- | 51.000.000 денари | 50.000.000 денари |
| Г10 Подршка на ЛЕР | 16.200.000 денари | 12.200.000 денари |
| ГА0 Капитални објекти | 16.700.000 денари | 10.600.000 денари |
| Ј30 Јавно осветлување ------------------------------------------ | 20.000.000 денари | 20.500.000 денари |
| Ј40 Јавна чистота ------------------------------------------------ | 14.000.000 денари | 14.000.000 денари |
| ЈА0 Изградба на јавно осветлување | 5.000.000 денари | 4.000.000 денари |
| Ј60 Одржување и заштита на локал. пат. и улици ----- | 23.000.000 денари | 23.000.000 денари |
| Ј70 Одржување и користење на паркови и зеленило -- | 8.000.000 денари | 6.500.000 денари |
| ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта ---- | 42.300.000 денари | 67.000.000 денари |
| ЈЕ0 Конзоли за пешаци | 1.000.000 денари | 13.000.000 денари |
| ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување ------------ | 10.000.000 денари | 8.000.000 денари |
| ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води ------------------------------ | 5.000.000 денари | 12.000.000 денари |
| К40 Културни манифестации ---------------------------------- | 6.000.000 денари | 6.000.000 денари |
| Л00 Спорт и рекреација ---------------------------------------- | 11.600.000 денари | 12.000.000 денари |
| Х10 Родова еднаквост | 350.000 денари | 350.000 денари |
| К20 Музичко сценска дејност | 680.000 денари | 680.000 денари |

самофинансиски активности блок дотации

| | | |
|---|---|---|
| К20 Музичко-сценска дејност ------ | 1.656.000 | 4.706.000 денари |
| В1 Детски градинки-------------------------- | 50.876.000 | 84.000.000 денари |
| Н1 Основно образование ------------------- | 2.120.000 | 207.619.000 денари |
| Н2 Средно образование -------------------- | 10.520.000 | 169660.000 денари |
| Ѕ0 Противпожарна единица ------------- | 3.403.000 | 8.437.000 денари |

Во овој буџет програмите за **образование**, **култура и социјална заштита** со претходно наведените подпрограми, кои се однесуваат на надлежностите на општината, во 2021година ќе се добиваат блок дотации кои ќе ги покриваат целосно дадените надлежности заедно со платите на вработените. Блок дотации самофинансирачките активност се распределени по буџетските корисници врз основа на нивните финансиски планови кои се составен дел на овој буџет.

Во програма **Совет** се планирани средства за исплата на советници, службени патувања, семинари, репрезентација, културно-уметнички манифестации, еднократна парична помош, трансфери до здруженија на граѓани и постојаната резерва која ќе се користи за отстранување на последиците од разни непогоди и други тековни трошоци за функционирање на Советот на Општина Штип.

Во програма **Градоначалник** се панирани расходи за тековно и оперативно функционирање на општината, комунални услуги, културни манифестации, членарини во домашни и странски организации, еднократна парична помош, тековна резерва како и други договорни услуги.

Во програма **Општинска администрација** се планирани плати, придонеси и надоместоци за вработените во Општина Штип, разни трошоци за тековно работење и одржување, средства за дезинфекција, дератизација и дезинсекција, уништување на штетни животни и други договорни услуги и средства за исплата на средства за времени вработувања преку агенциите за времени вработувања, набавка на опрема, реконструкција и одржување на зградата, плаќање на анувитети и камати по кредити.

Во програма **Урбанистичко планирање** се предвидени средства за изготвување на урбанистички планови

Во програма **Комунални дејности** расходи се планирани во следни потпрограми.

1. Во подпрограма **јавно осветлување** се предвидени средства за плаќање на трошоци за улично осветлување и за одржување и реконструкција на истото во градот.

2. Во подпрограма **одржување и заштита на локални патишта и улици** се предвидени средства за редовно одржување како и зимско одржување на локалните улици и патишта.

3. Во подпрограма **одржување на паркови и зеленило** се предвидени средства за чистење и одржување на паркови, стадиони,кејот на р. Отиња и

други зелено цветни површини во градот кои се исплаќаат врз основа на програма за работа и договор меѓу ЈП „Исар“.

4. Во подпрограма **изградба и реконструкција на локални патишта** се планирани средства за изработка на проекти, техничка документација, изградба и реконструкција на улици и патишта и партерно уредување.

5. Во подпрограма **изградба на системи за водоснабдување** се планирани средства за проекти и изградба и реконструкција на системи за водо снабдување.

6. Во подпрограма **Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** се планирани средства за проекти, изградба и реконструкција на фекална и атмосферска канализација.

Сите овие расходи во програма **Комунални дејности**, односно во наведените подпрограми се планирани врз основа на Програми за уредување на градежно земјиште, Програма за локални патишта, Програма за јавно осветлување кои се донесени од страна на Советот на Општина Штип за 2021 година, како и врз соодветните програми кои се предлагаат за финансирање на дел или целосно покривање на активностите на разни здруженија на граѓани.

Согласно усвоениот план на развојни програми на Општина Штип за 2021 година од Советот составен дел на буџетот се Проектот за изградба на обиколница од улицата Гоце Делчев со ул.Борис Крајгер и Проектот за изградба крстосница Гоце Делчев-Б.Крајгер ,Конзоли за пешаци и паркирање и рекострукција на улица Панче Караѓозов.

Во подпрограми за **културно уметнички манифестации** се планирани расходи за манифестации и тоа: ШКЛ, 8 Ноември, , 19 декември – ден на градот,фестивалот „Макфест“ и други културно уметнички манифестации.

Во подпрограма **спорт и рекреација** се предвидени средства за манифестации за афирмација на масовниот спорт, спортски клубови, котизации, за сојузот на училишен спорт и други спортски манифестации и електрична енергија на стадионите и спортските игралишта.

Учеството во структурата на приходите и расходите во **Основниот буџет за 2021 година** приближно во проценти се искажани во табелава:

| | | | | | | | | | План | процент на учество |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | ПРИХОДИ | **395.047.000** | |
| | | | | | | 71 | | **Даночни приходи** | **235.664.000** | **60,00%** |
| | | | | | | | 711 | Данок на доход | 25.200.000 | 6,0% |
| | | | | | | | 713 | Даноци на имот | 57.500.000 | 15,0% |
| | | | | | | | 717 | Даноци на с. услуги | 151.139.000 | 38,0% |
| | | | | | | | 718 | Такси | 1.825.000 | 0,5% |
| | | | | | | 72 | | **Неданочни** | **9.200.000** | **2,0%** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | **приходи** | | |
| | | | | | | | 722 | Глоба судски и адм. такси | 3.000.000 | 0,8% |
| | | | | | | | 723 | Такси и надоместоци | 1.000.000 | 0,2% |
| | | | | | | | 724 | Други владини услуги | 200.000 | / |
| | | | | | | | 725 | Други неданочни услуги | 5.000.000 | 1% |
| | | | | | | 74 | | **Трансфери и донации** | **110,783.000** | **28,0%** |
| | | | | | | | 741 | Трансф. до др. нивоа на власт | 110.783.000 | 28,0% |
| | | | | | | 73 | | **Капитални приходи** | **39.400.000** | **10,00%** |
| | | | | | | | 731 | Продажба на имот | 3.000.000 | 0,8% |
| | | | | | | | 733 | Продажба на земјиште и н.в. | 36.400.000 | 9,00% |
| | | | | | | | | РАСХОДИ | **395.047.000** | |
| | | | | | | 40 | | **Плати, наемнини и надоместоци** | **77.094.000** | **18,0%** |
| | | | | | | | 401 | Основни плати | 51.319.000 | 19,0% |
| | | | | | | | 402 | Придонеси од социј. осигурување | 20.775.000 | 5% |
| | | | | | | | 404 | Надоместоци | 5.400.000 | 1% |
| | | | | | | 41 | | **Резерви и недефинирани расходи** | **1.200.000** | **0,3%** |
| | | | | | | | 412 | Постојана резерва | 600.000 | / |
| | | | | | | | 413 | Тековни резерви | 600.000 | / |
| | | | | | | 42 | | **Стоки и услуги** | **112.153.000** | **28,0%** |
| | | | | | | | 420 | Патни и дневни трошоци | 1.300.000 | 0.3% |
| | | | | | | | 421 | Ком. услуги, греење, ком. и транс | 37.843.000 | 10,0% |
| | | | | | | | 423 | Ситен инв.,алат | 4.665.000 | 1% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | и др. мат. за попр. | | |
| | | | | | | | 424 | Поправка и тековно одржување | 41.583.000 | 10,5% |
| | | | | | | | 425 | Договорни услуги | 11.770.000 | 3,0% |
| | | | | | | | 426 | Други тековни расходи | 6.992.000 | 2,0% |
| | | | | | | | 427 | Времени вработувања | 8.000.000 | 2,0% |
| | | | | | | 45 | | **Каматни плаќања** | **500.000** | **0,1%** |
| | | | | | | | 452 | Камата на кредити | 500.000 | 0,1% |
| | | | | | | 46 | | **Субвенции и трансфери** | **44.800.000** | **11,0%** |
| | | | | | | | 463 | Транф. до невладини организации | 12.400.000 | 3,0% |
| | | | | | | | 464 | Разни трансфери | 32.400.000 | 8,0% |
| | | | | | | | 465 | Исплата по извршени исправи | | / |
| | | | | | | 47 | | **Социјални бенифиции** | **750.000** | **0,2%** |
| | | | | | | | 471 | Социјални бенифиции | 750.000 | 0,2% |
| | | | | | | 48 | | **Капитални расходи** | **156.150.000** | **39,5,0%** |
| | | | | | | | 480 | Купување на опрема и машини | 2.300.000 | 0,6% |
| | | | | | | | 481 | Градежни објекти | 1.000.000 | 0,3% |
| | | | | | | | 482 | Други градежни објекти | 151.350.000 | 38,0% |
| | | | | | | | 483 | Купување мебел | 500.000 | 0,1% |
| | | | | | | | 485 | Вложување во нефин.средства | 1.000.000 | 0,3% |
| | | | | | | | 486 | Купување на моторни возила | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 49 | | **Отплата на главница** | **2.000.000** | **0.5,0%** |
| | | | | | | | 491 | Отплата на главница од заеми | 2.000.000 | 0.5,0% |

Од овие показатели се гледа дека за капиталните расходи во буџетот се предвидуваат 39.5% за инвестиции во реконструкции на патишта,улици, тротоари, водоводна и канализациона мрежа, што значи дека развојната компонента е со висока стапка на учество.

Расходите планирани во програмите **Култура**, **Социјална заштита**, **Образование**, односно во подпрограмите се планирани врз основа на финансиски планови кои се доставени од овие институции. Во финансиските планови трошоци се распоредени пооделно по потставки соодветно на нивните потреби и се вклопени пооделно за секого согласно средствата предвидени во Буџетот на РМ како блок дотации и сопствени остварени приходи.

За реализација на трошоците корисниците на средства ќе изготвуваат месечни и квартални планови кои треба да бидат разгледани и одобрени од градоначалникот за да може да се реализираат овие блок дотации.

Предложените приходи и расходи се планирани износи и во зависност од остварувањето на приходите ќе биде и реализација на расходите, кои се распоредени по корисници и поблиски намени во посебниот дел.

Врз основа на изнесеното предлагам Советот на општината да го донесе буџетот, во предложениот текст.